ОДРЕДУВАЊЕ НА АРИТМЕТИЧКА СРЕДИНА, МОДА, РАНГ И МЕДИЈАНА НА ПОДАТОЦИ

ПРИМЕР:1 **Временска прогноза**

Температурата на воздухот во септември годинава беше во рамки на просекот, а врнежите од дожд во северните и источните делови се под просекот, а во западните и јужните делови и до три пати повисоки. Највисоката температура од 34,2 степени е измерена во Гевгелија, најниската во Берово минус 0,8 степени, а најмногу дожд е регистриран на 7 септември во Маврово со измерени 84,5 мм, со што е надмината историската вредност на дневен максимум.

ПРИМЕР 2: **Швајцарците 11 пати побогати од светскиот просек**

Секој Швајцарец „тежи“ повеќе од половина милион долари, откри банката Credit Suisse во годишниот извештај.
Според тој извештај, Швајцарците се 11 пати побогати од светскиот просек. Во моментот секој возрасен Швајцарец има просечен имот во вредност од 561.900 долари.
Извештајот за глобалното богатство го направи истражувачкиот институт на банката Credit Suisse.

ПРИМЕР 3: **Образованието е повеќе од просек 5,0** – проект во образованието за подигање на моралот и мотивацијата на учениците.

АРИТМЕТИЧКА СРЕДИНА

За да се пресмета аритметичка средина на низа од бројни податоци треба сите податоци да се соберат и да се поделат со бројот на податоци.

2 5 7 12 14

$$\frac{2+5+7+12+14}{5}=8$$

Најди аритметичка средина на податоците:

а. 2,5,8

б. 1,5,6,8,9,7,12

МОДА, МЕДИЈАНА И РАНГ (ОПСЕГ) НА ПОДАТОЦИ

5 7 8 9 8 7 5 6 7 7

МОДА –податокот што се појавува најголем број пати во една група на податоци(најчест, најпопуларен).

Која е модата во овај случај? Погледни ја табелата на честота!

поени	колку често
5	2
6	1
7	4
8	2
9	1

РАНГ (ОПСЕГ) НА ПОДАТОЦИ – бројот добиен како разлика помеѓу податокот со најголема(максимална) и најмала (минимална)вредност. Кој е рангот на податоци во овај случај?

5 5 6 7 7 7 7 8 8 9

МЕДИЈАНА – ако членовите на низата се подредат по големина почнувајќи од најмалиот, членот во средината на низата се вика медијана

ЗАДАЧА: За секоја од низите подолу најди аритметичка средина, мода, медијана и ранг на податоци.

а. 2, 8, 6, 4, 1, 2, 4, 2

б. 2, 8, 4, 4, 1, 2, 4, 2

в. 2, 9, 6, 4, 1, 1, 4, 2